Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**ПОВИК ЗА УЧЕСНИЦИ**

# ЛЕТНА ШКОЛА ЗА ТОЛЕРАНЦИЈА И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

**Охрид, 1 - 5 јули 2019**

**Мисијата на ОБСЕ во Скопје, објавува повик за учесници на Летната школа за толеранција и недискриминација, што ќе се одржи во Охрид во периодот од 1 – 5 јули 2019. Летната школа ќе обработува теми поврзани со дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза преку серија на предавања, случаи од пракса и вежби. Предавањата ќе бидат одржани од страна на домашни и меѓународни експерти и преставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

Главната цел на Летната школа е да го подобри разбирањето за основните концепти на човековите права како достоинство, еднаквост и почит меѓу младите лица.

**Цели** на Летната школа:

- Подобрување на знаењата на младите за човековите права, со посебен фокус на еднаквоста, стереотипите и предрасудите, слободата на изразување и нејзините ограничувања како и криминалните дела извршени врз основа на пристрасност;
- Истражување на различни начини за адресирање и борба против штетните појави како дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза;
- Вклучување млади лица во последователни активности за адресирање и борба против дискриминација, говор од омраза и криминал од омраза (подготовка и промовирање на видео и дистрибуција на промотивни материјали)

**Профил на учесниците** – Млади лица на возраст од 18 до 26 години кои се или биле активно вклучени во работа со граѓански организации. Апликантите треба да бидат во можност да учествуваат во целото времетраење на Летната школа и да бидат подготвени да учествуваат во последователните активности.

**Времетраење и локација –** Летната школа ќе се одржи во период од 1 до 5 јули 2019 година во Езерскиот Комплекс Метропол, Охрид. Сместувањето на учесниците ќе биде во хотел Белви, додека работните сесии и оброците ќе бидат во хотел Метропол.

**Работен јазик –** Работен јазик на Летната школа ќе биде македонски. Познавање на англискиот јазик е задолжително, бидејќи дел од предавањата ќе се одржат на англиски. Превод нема да биде обезбеден.

**Теми** – Летната школа ќе обработи теми поврзани со човекови права, стереотипи и предрасуди, дискриминација, слобода на изразување и говор на омраза, како и криминал од омраза.

**Сертификати –** Сите учесници ќе добијат Сертификат за учество на Летната школа за толеранција и недискриминација.

**Начин на пријавување и селекција на учесници - Сите заинтересирани млади лица можат да се пријават со испраќање кратка биографија (CV) и мотивационо писмо (не подолго од една страна) на англиски на следната адреса: Elena.Brmbeska@osce.org со наслов „Summer school 2019“**

**Рокот за доставување апликации е до 3 јуни 2019**.

Селекцијата ќе се врши врз основа на следниве **критериуми:**

- Да се лица на возраст од 18 и 26 години;
- Да покажат интерес за темите и лична мотивација (преку писмо за мотивација);
- Да го опишат граѓанскиот ангажман (преку писмо за мотивација);
- Да имаат задолжително познавање на англискиот јазик.

**Важно:** Одборот за селекција ќе ги има предвид следниве **критериуми за инклузивност:**

- Еднаква родова застапеност
- Етничка и културолошка различност
- Географска застапеност

**Трошоци** – Трошоците за транспорт (до и од локацијата), сместување и храна за учесниците, како и трошоците за работни материјали ги сноси Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Лице за контакт:** Доколку имате дополнителни прашања обратете се кај Елена Брмбеска на следнава адреса: **Elena.Brmbeska@osce.org**